# РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП

ИЗВЕШТАЈ

**Родово буџетска анализа на програмата за социјална, детска и здравствена заштита и програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година на општина Пробиштип**

Funded by the European Union

РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП

**Родово буџетска анализа на програмата за социјална, детска и здравствена заштита и програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година на општина Пробиштип**

Авторки: Емина Токовиќ, Јасмина Трајчева, Александра Тодевска

Ментори: Бети Пеева и Лилјана Јоноски

Организација подгрантист: Организација на жените на општина Свети Николе

Публикацијата РОДОВА ЕДНАКВОСТ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП е подготвена од Организација на жените на општина Свети Николе во рамките на програмата за подгрантирање на проектот "Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост", имплементиран од Центар за истражување и креирање политики, Рурална Коалиција, Новинари за човекови права, Ромска асоцијација за жени и млади „Лулуди" и Едукативно хуманитарна организација „ЕХО"-Штип со финансиска поддршка од Европската Унија.

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на авторите и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.

Активноста ја спроведува Центарот за истражување и креирање политики и партнерските организации.

# Содржина


**1. ВОВЕД И КЛУЧНИ НАОДИ** .......... 3

➢ КЛУЧНИ НАОДИ .......... 4

**2. ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА** .......... 4

**3. ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ И РАМКА НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ** .......... 6

**4. ОПИС НА КОНКРЕТНАТА ПОЛИТИКА КОЈА СЕ АНАЛИЗИРА ВО КОНТЕКСТ НА РОБ** .......... 8

➢ ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА, ДЕТСКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2022 ГОДИНА .......... 8

- Анализа на корисници .......... 10

- Буџетска анализа .......... 11

➢ ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2022 ГОДИНА .......... 14

- Анализа на корисници .......... 15

- Буџетска анализа .......... 16

**5. ПОЗИТИВЕН ПРИМЕР** .......... 17

**6. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ** .......... 17

**7. КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ** .......... 19

## ВОВЕД И КЛУЧНИ НАОДИ

Општина Пробиштип се наоѓа во североисточниот дел на Република Македонија и се простира на територија од од 325,6 км2, при што со еден дел зафаќа од овчеполието, а со друг дел длабоко навлегува во осоговскиот масив на планини. На север се граничи со општина Кратово, на запад со општина Свети Николе, на југ со општина Штип, а на исток со општина Кочани.

Според пописот од 2002 година, во општина Пробиштип живеат 16.193 жители од кои 7.945 се жени, а 8.248 мажи, односно 49,06% се жени, а 50,94% се мажи.

**Табела 1 - Полова структура на населението во општина Пробиштип**

| Општина | Вкупно жители | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Пробиштип** | 16.193 | 8.248 | 7.945 |

Извор: Државен завод за статистика Попис 2002

Според пописот од 2021[1] година, во општина Пробиштип живеат 13.417 жители од кои 6.603 се жени, а 6.814 се мажи, односно 50,7% се мажи и 49,3% се жени.

**Табела 2 - Полова структура на населението во општина Пробиштип**

| Општина | Вкупно жители | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|
| **Пробиштип** | 13.417 | 6.814 | 6.603 |

Извор: Државен завод за статистика Попис 2021

Податоците од пописите 2002 и 2021 година покажуваат намалување на вкупниот број на население во општина Пробиштип за 2.776 жители што покажува дека и оваа општина е на удар на миграциските процеси и трајно иселување на населението што е тренд во последните десетина години особено во помалите урбани и рурални средини.

Во однос на етничкиот состав на населението, 12.617, односно 94% се Македонци, а остнатите 6% се Срби, Роми, Власи, Турци, Бошњаци и останати.

Родовиот баланс кој постои во општина Пробиштип не е отсликан во процесите на одлучување. Имено, од 15 избрани претставници во Советот на општината, 9 се мажи, а 6 се жени, што покажува дека е запазен само законски утврдениот минимум со квота и жените имаат мало влијание врз локалната политика и одлучување. Што се однесува на урбаните и руралните заедници, според информациите што ги добивме од локалната самоуправа, од вкупно 46 месни заедници, само 1 жена е членка односно претседателка на месна заедница. Ова е показател дека жените многу малку или воопшто не се вклучени во процесите на креирање и донесување одлуки на локално ниво.

Во општина Пробиштип има 37 населени места од кои едно е градско, две приградски, едно полуградско населено место и 33 се рурални. Најголем дел од населението живее во градот Пробиштип, во Калниште и Злетово.

[1] https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/2.1.22.10-mk.pdf

Минатиот период, стопанството во општината се карактеризираше со тоа што носечки гранки кои го даваа главниот развој, беа рударството и акумулаторската индустрија, но после периодот на трансформација на општествениот капитал и т.н. транзиционен период покрај овие гранки се развија и голем број на фирми од услужните дејности како транспорт, угостителство, здравство и други услуги, а се развија и ланци во делот на тровијата и производството. Во делот на трудоинтензивните дејности се отворија голем број конфекции, а исто така се развија и фирми за производство на храна, како млеко и млечни производи, пекарска индустрија и сл.
Општина Пробиштип има различна структура на економски чинители по дејности и не е концентрирана само на рударството.

## КЛУЧНИ НАОДИ

- Политиките од програмата за социјална, детска и здравствена заштита се родово неутрални, односно нема ниту една политика која се однесува конкретно само на жени или само на мажи
- Програмата е креирана врз основа на прибрани податоци од релевантни институции, членови на социјалниот совет на општина Пробиштип
- Нема анализа на состојбата која е базирана на директно испитување на потребите на граѓанките и граѓаните на општина Пробиштип
- Општина Пробиштип нема систем за вклучување на девојките и жените, односно граѓаните во консултативните процеси при креирањето на локалните политики
- Одржана една еднодневна обука на членовите на Комисијата за еднаквост на половите и оваа година за првпат комисијата ги разгледала програмите за 2023 година
- Во програмата нема дефинирани родови индикатори
- Буџетот на општината не е јасен и транспарентен во однос на исплатата за мерките опфатени во програмата за социјална, детска и здравствена заштита и не е јасно кои трошоци од која ставка се исплаќаат, според податокот добиен од локалната самоуправа овие трошоци се покриени од ставка други оперативни трошоци. Нејасниот приказ на буџетот го оневозможува следењето на реализацијата на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита
- Општината има волја за унапредување на родовата рамноправност во општината и е отворена за соработка со граѓански организации и институции кои работат во областа на родовите прашања, заради пренесување на знаења и искуства за вградување на родовата перспектива во локалните политики
- Иако во општина Пробиштип постојат документи, стратегии, акциски планови, правилници, сепак потребно е да се направи нивно усогласување со цел полесно следење на работата на општината

## ЦЕЛ И МЕТОДОЛОГИЈА

Законот за еднакви можности на жените и мажите на РСМакедонија, кој содржински соодветствува на меѓународната и европска регулатива за еднакви можности и еднаков третман, ги дефинира еднаквите можности на жените и мажите како „промовирање на начелото на воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие

придонесуваат за општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој“.

За да се постигне некаков баланс во еднаквите можности за сите од особена важност е партиципативното креирање на национални и локални политики преку граѓанско учество. Граѓанското учество подразбира активно вклучување на граѓаните и граѓанките во процесите на креирање и донесување јавни одлуки.

Целта на истражувањето е родова буџетска анализа на Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2022 година и Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година на општина Пробиштип. Препораките добиени од оваа анализа, ќе бидат основа на процесот на застапување за нивно интегрирање во програмите за следната година.

Користени алатки при изработка на родово буџетска анализа на политики се:

- **Канцелариско истражување**
  - Статутот на општина Пробиштип
  - Законот за социјална заштита
  - Законот за еднакви можности на жените и мажите
  - Стратегија за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип 2020 – 2024
  - Тригодишен акциски план за родова рамноправност за општина Пробиштип 2022 – 2024
  - Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2021, 2022 и 2023 година
  - Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2021, 2022 и 2023 година
  - Социјален план на општина Пробиштип 2022 – 2025 година
  - Правилник за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип објавен во службен гласник 31/2015
  - Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2021 и 2022 година.

- **Теренско истражување**
  - Анкетно истражување на 181 девојка и жена од општина Пробиштип за нивната вклученост во консултативните процеси при креирањето на локалните политики
  - Одржана јавна дебата на тема „Жените се дел од локалната заедница, а дали и нивните потреби се дел од локалните политики“ во општина Пробиштип на ден 31.01.2023 година
  - Анкетно истражување наменето за раководителите на сектори во општина Пробиштип кои ги креираат буџетските програми
  - Состаноци со координаторката за еднакви можности на мажите и жените на општина Пробиштип

Преку родово буџетска анализа на горенаведените програми ќе се утврди кој учествувал во развојот на програмата?; дали имало консултација на заинтересираните страни?; дали имало балансирано вклучување на мажите и жените преку партиципативните модели на креирање на локални политики?; дали Комисијата за еднакви можности и координаторот/ката за еднакви можности ја разгледале програмата и дале мислење за програмата?; дали е направена претходна анализа на состојбите на жените и мажите (статистика, потребите)?; кој ќе има бенефит од реализација на активноста?; како се

определени средствата за реализација, кој ќе ги реализира активностите и соработка на програмата со другите програми и стратегии на локално ниво?; дали буџетот е јасен и концизен за полесно следење на реализацијата на пооделните програми?

Одговорите на овие прашања ќе покажат и колку општина Пробиштип работи на воведувањето на родовиот концепт во своите програми, но и дали жените како еднаква половина од вкупното население во општината ги уживаат истите права и нивните потреби се вметнати и финансирани од страна на локалните власти.

## ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ И РАМКА НА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Според Европската повелба за рамноправност на мажите и жените во локалната заедница, рамноправното учество на мажите и жените во општествениот живот претставува предуслов за демократско општество. Локалните и регионалните власти мора да ги имплементираат правата за еднаквост во сите сфери на нивна надлежност, вклучувајќи ја и нивната обврска да ги елиминираат сите форми на дискриминација, било да се директни или индиректни[2].

Еднаквите можности на жените и мажите во Република Македонија се регулирани со Уставот, Законот за еднакви можности на жените и мажите и ратификации на меѓународни конвенции со кои се унапредуваат еднаквите можности на жените и мажите.

Според член 9 од Уставот на Република Северна Македонија „граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и во правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верско уверување, имотната и општествената положба“. Донесувањето на Стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027[3] е четвртиот стратешки документ во оваа област и е уредено со Законот за еднакви можности на жените и мажите (Службен весник на Република Македонија бр.6/12) со кој се предвидува усвојување на стратегијата од Собранието (член 9 став 3 од законот за еднакви можности на жените и мажите) по предлог на Владата на Република Северна Македонија (член 10 став 2 од Законот за еднакви можности на жените и мажите).

Но и покрај усвојувањето на овој документ, сепак не се доволни заложбите на Владата и Собранието на Република Северна Македонија за унапредување на човековите права на жените и воспоставувањето на еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење и потребно е уште многу да се работи на доследно спроведување на усвоените документи.

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, член 4, еднакви можности на жените и мажите е промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите

---

[2] https://www.ccre.org/img/uploads/piecesjointe/filename/charter_egalite_mk.pdf

[3] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2022/strategija_/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D0%B3%D0%B8%D1%98%D0%B0_%D0%B7%D0%B0_%D1%80%D0%BE%D0%B4%D0%BE%D0%B2%D0%B0_%D0%B5%D0%B4%D0%BD%D0%B0%D0%BA%D0%B2%D0%BE%D1%81%D1%82_2022_2 27.pdf

области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој. Еднаква застапеност е секоја процентуална застапеност на одреден пол која не е помала од процентот на застапеноста на тој пол во вкупната популација.

За унапредување на положбата на жените на локално ниво согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите член 14, единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорират принципот на еднакви можности на жените и мажите; да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите и да известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа. Органите на единиците на локалната самоуправа при донесувањето на развојни планови и други акти и одлуки, се должни да ги разгледуваат и да ги земат предвид предложените мерки и активности од страна на комисијата за еднакви можности на жените и мажите и координаторот за еднакви можности на жените и мажите.

Комисија за еднаквост меѓу половите е постојна комисија при Советот на општина Пробиштип од 2005 година.

Согласно член 27 од Статутот на општина Пробиштип, Комисија за еднаквост меѓу половите е постојна комисија при Советот на општина Пробиштип и брои 5 члена. Комисиите на Советот на општината расправаат за прашања од областа за која се формирани; Даваат мислења и предлози до Советот; Ги разгледуваат предлозите на Градоначалникот, на членовите на Советот и иницијативите на граѓаните од областите за кои се формирани.

Комисијата за еднаквост меѓу половите се залага за: Родова рамноправност во Локалната самоуправа; Организира активности за рамноправно вклучување на жените во разрешување на прашањата од Локалната самоуправа; Да се залага за развој на женската популација и нејзино имплементирање во локалната заедница; Заштита на женските права на ниво на човекови права.

Општина Пробиштип има усвоено Стратегија за еднакви можности на жените и мажите 2020 – 2024 врз чија основа е подготвен и усвоен Тригодишен акциски план за роодова еднаквост на општина Пробиштип 2022 – 2024.

Постоењето на стратегии, акциски планови и други локални документи ја претставуваат политичката волја на општина Пробиштип како еден од трите основни предуслови за воведување на родовата интеграција во локалните програми и буџет. Општина Пробиштип прави заложби за унапредување на положбата на жените, што е евидентно од прифаќањето на препораките и унапредувањето на програмите од година во година. Меѓутоа и покрај сите заложби, ситуацијата не е на завидно ниво и потребно е континуирано да се работи во областа на креирањето на еднакви можности на двата пола.

Вториот предуслов за да се вклучи родовата перспектива во програмите и буџетот е општината да има човечки ресурси кои ќе ги разгледуваат програмите и буџетот од родова перспектива. Најважно за овој предуслов е свесноста и знаењето на овие човечки ресурси за родовите концепти, влијанието на родовите стереотипи и родовите улоги врз нееднаквоста и сл. Изминатата година, 2022 година, општина Пробиштип има реализирано една еднодневна основна обука на локално ниво за мерката Јакнење на капацитетите на механизмите за унапредување на еднаквоста „Интегрирање на родовата

перспектива во локалните политики“ за членовите на Комисијата за еднакви можности, членовите на советот на општина Пробиштип и општина Пробиштип, и за првпат комисијата ги разгледала Програмите за 2023 година (оваа информација ја добивме од присутните на Одржана јавна дебата на тема „Жените се дел од локалната заедница, а дали и нивните потреби се дел од локалните политики“ во општина Пробиштип на ден 31.01.2023 година). Исто така, на оваа дебата се истакна проблемот на недостаток на обуки од областа на родовата рамноправност, родовата интеграција, родово одговорното буџетирање и сл. на вработените во администрацијата кои се одговорни за креирање на програмите и советниците при Советот на општина Пробиштип.

Третиот предуслов е постоењето на родова разделна статистика врз чија основа ќе се креираат родовата анализа на програмите и буџетот. Од она што го добивме како информација од интервјуата со дел од вработените во администрацијата и од анализата на Годишните извештаи на општина Пробиштип за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите во општината во одредена мера прибира родово разделни податоци од локалните институции.

## ОПИС НА КОНКРЕТНАТА ПОЛИТИКА КОЈА СЕ АНАЛИЗИРА ВО КОНТЕКСТ НА РОБ

Родово одговорното буџетирање е пристап кој е дизајниран да ја инкорпорира родовата димензија во сите фази на буџетскиот циклус, така што не се фокусира само на буџетот, туку вклучува анализа на политики, имплементација, следење на постигнувањата и евалуација на резултатите од родов аспект, односно колку се унапредува родовата еднаквост.

Извештајот е фокусиран на анализа на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2022 година бр.26-1249/8 усвоена на седницата одржана на 29.12.2021 година, а објавена во службен гласник бр.15/2021, и Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година бр.26-1202/14 усвоена на седницата на советот одржана на 20.12.2021 година, а објавена во службен гласник 14/2021.

Во насока на подготовка на извештајот, важно е да се утврди кој учествувал во развојот на програмата?; дали имало консултација на заинтересираните страни?; дали имало балансирано вклучување на мажите и жените преку партиципативните модели на креирање на локални политики?; дали Комисијата за еднакви можности и координаторката за еднакви можности ја разгледале програмата и дале мислење за програмата?; дали е направена претходна анализа на состојбите на жените и мажите (статистика, потреби)?; кој ќе има бенефит од реализација на предвидената активност?; како се определени средствата за реализација, кој ќе ги реализира активностите и соработка на програмата со другите програми и стратегии на локално ниво? Одговорите на овие прашања ќе ја прикажат и пошироката слика за интегрирање на родовиот концепт на локално ниво.

- **Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2022 г. на општина Пробиштип**[4]

При креирање на програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2022 година, општина Пробиштип, како што е наведено и во самата програма, се заснова на Законот за социјална заштита, Законот за заштита на деца, Законот за семејство, Националната програма за развој на социјалната

[4] http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2022/02/SLUZHBEN-GLASNIK-15-2021.pdf

заштита и други, кои се однесуваат на социјалната, детска и здравствена заштита, како и надлежностите на општината. Во Програмата за социјална, детска и здравствена заштита стои дека при креирањето на програмата се земаат во предвид потребите на жените и мажите.

Согласно Законот за социјална заштита, општина Пробиштип има формирано Општински совет за социјална заштита со одлука на совет бр. 26-904/10 од 27.09.2019 година. Општинскиот совет за социјална заштита има изработено социјален план на општина Пробиштип 2022 – 2025 усвоен на седницата на советот на општина Пробиштип одржана на ден 16.12.2021 година, а објавен во службен гласник бр.14/2021, кој е основа за подготовка на Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2022 година за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита.

Анализа на состојбата која е основа за креирање на Програмата за социјална детска и здравствена заштита за 2022 година е утврдена од институциите членови на Општинскиот совет за социјална заштита поаѓајќи од праксата и работата со своите корисници.

Не добивме податок од локалната самоуправа дека општина Пробиштип прави анализа на состојбата поаѓајки од самите граѓани и граѓанки преку директно испитување на нивните потреби и проблеми, ниту пак дека постои некаков механизам на консултации преку кои граѓаните и граѓанките може да ги погледнат предлог програмите, да ги коментираат или да влијаат на приоритизирање на некои активности. Ова го потврдува и анкетното истражување кое претходеше на оваа анализа и се реализираше во периодот 15 јуни до 15 јули 2022 година на 181 девојка и жена од општина Пробиштип и поголемите рурални средини.




Дури 97,2% од испитаничките одговориле дека никој од локалната самоуправа ги нема контактирано со цел идентификување на нивните проблеми и потреби, а само 5 испитанички се изјасниле дека некогаш биле контактирани. Ова е показател дека девојките и жените од општина Пробиштип воопшто не се консултирани при процесите на креирање на било какви локални политики. Исто така, на јавната дебата која се одржа на 31.01.2023 година во општина Пробиштип, на тема „Жените се дел од

локалната заедница, а дали и нивните потреби се дел од локалните политики“ ниту еден од присутните не се изјасни дека некогаш бил дел од консултативните процеси кои ги спроведува општина Пробиштип при креирање на програмите од буџетот.




Од друга страна, интервјуираните лица, вработени во општинската администрација, како алатки и методи преку кои општината ги консултира девојките и жените при креирање на локални политики ги наведува: доставување барања, разговори, јавен повик на кој секој може да достави план со активности, но овде се поставува прашањето колку од девојките и жените се запознаени со овие алатки кога 97,2% од анкетираните се изјасниле дека никогаш не се консултирани за ништо, а дури 88% истакнале дека не се навремено и воопшто информирани за било какви случувања и настани во општината и во нивен интерес.

## АНАЛИЗА НА КОРИСНИЦИ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕТСКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните, со цел: промовирање и одржување на социјалната сигурност на граѓаните, спречување на социјалната исклученост, подобрување на квалитетот на животот на граѓаните и зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот[5].

Како главни корисници на програмата за социјална детска и здравствена заштита се:

[5] https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf

- Лица со телесна и ментална попреченост
- Корисници на гарантирана минимална помош
- Стари лица
- Лица во социјален ризик
- Лица кои имаат потреба од финансиска помош за домување
- Новороденчиња - Парична помош за новороденче
- Лица со оштетен вид
- Здруженија на граѓани кои ќе организираат спортски и културни активности со лицата со попреченост
- Деца на самохран родител
- Деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУГД „Гоце Делчев“ Пробиштип
- Деца запишани во ЈОУГД „Гоце Делчев“ Пробиштип
- Лица опфатени со проектот општо корисна работа
- Деца кои имаат потреба од логопедски третман
- ОО Црвен крст Пробиштип
- Совет за социјална заштита

**БУЏЕТСКА АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА, ДЕТСКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

Вкупната вредност на Програмата за социјална детска и здравствена заштита е 1.950.000 денари и претставува 0,59% од вкупно проектираниот буџет на општина Пробиштип за 2022 година, кој изнесува 329.709.851 денари.
Во табелата подолу се гледа состојбата на планирани и реализирани буџетски средства за 2022 година по активност:

| рб | Планирани активности и проекти | Планиран буџет | Реализиран буџет | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Одбележување на Меѓународен ден на лица со попреченост. Активност во Дневниот центар за лица со телесна или ментална попреченост, инклузираните ученици и учениците кои учат во посебната паралелка при ООУ Браќа Миладиновци | 60.000,00 | 32.000,00 | Вкупно 32 корисници |
| 2. | Обезбедување на социјални пакети на лица во социјален ризик (корисници на ГМП и социјална сигурност на стари лица) | 100.000,00 | / | Вкупно 62 корисника |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | Еднократна финансиска помош по однос на поднесено барање од лица во социјален ризик | 300.000,00 | 360.005,00 | 64 поднесени барања за еднократна финансиска помош |
| 4. | Финансиска помош за домување | 80.000,00 | / | Број на поднесени барања |
| 5. | Еднократна парична помош за секое новороденче по 5000 денари | 600.000,00 | 477.813,00 | 78 поднесени барања |
| 6. | Активност со лицата со оштетен вид – Субвенција на сметки за вода, преку ослободување на месечна сметка за вода од ЈКП„Никола Карев“ (11 лица x500 ден=,00ден) | 80.000,00 | 58.812,00 | Корисници на услуга – членови на здружение на слепи лица - 11 лица |
| 7. | Поддршка на здруженија на граѓани кои ќе организираат спортски и културни активности со лицата со попреченост | 30.000,00 | | Број на подржани здруженија на граѓани |
| 8. | Подобрување на животот на лицата со инвалидност преку изградба на пристапни рампи (Мапирање) | | | Мапирани инситуции |
| 9. | Активности во Социјална и здравствена превенција (едукативни предавања, трибини и работилници) во соработка со ОО„Црвен Крст“ НВО, Полиција, здравство, образование | | | Вкупен број на присутни лица |
| 11. | Остварување на право на партиципација во ЈОУДГ„Гоце Делчев“Пробиштип за дете од семејство на самохран родител. | 60.000,00 | | Број на деца корисници на услуга |
| 12. | Партиципација за деца со посебни потреби кои престојуваат во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип | 60.000,00 | | Број на деца корисници на услуга |
| 13. | Новогодишни пакетчиња за децата запишани во ЈОУДГ „Гоце Делчев“ Пробиштип | 90.000,00 | | 354 новогодишни пакетчиња |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14. | Финансиски средства за проект-ундп<br><br>2021година и 2022 година<br><br>Склучен договор со ундп (финансирање и ко-финансирање)<br><br>Финансиски средства за проект ундп 2021-2022 година и 2022-2023г | 150.000,00 | - Донација од УНДП 2021-2022г<br>583.200,00 денари<br><br>- ОКР 2022-2023 година<br>583.200,00 денари донација<br>- Реализира ни од општина<br><br>189.000,00 | Број на деца корисници на услуга е различна па земена е во предвид околу 110 деца од 2021-2022<br>- 113 деца за 2022 г |
| 15. | Финансиски средства за учество на други проекти | 50.000,00 | | Учество во проект |
| 16. | Логопедските третмани (ангажирање на логопеди)<br><br>Средба со родителите во соработка со училиштата, детската градинка и матичните лекари.<br><br>Одбележување на 2-април Ден на лицата со аутизам и 21-март ден на лицата со даунов синдром<br><br>Дизајнирање и печатење на флаери. | 150.000,00 | 133.332,00 | Логопедски третмани 60 деца<br><br>Ученици од училиштат а |
| 17. | Програмски активности на ОО„Црвен крст“Пробиштип | 110.000,00 | 75.000,00 | Стари изнемоштени лица и ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18. | Активности на Општинскиот совет за социјална заштита<br><br>Информативни средби, фоумски сесии во рурални средини и информирање за правата и услугите од областа на социјалната заштита | 30.000,00 | | Одржана една инфо средба |
| ***ВКУПНО :*** | | **1.950.000,00 денари** | **1.325.962,00 денари** | |

Од она што е достапно како податок, според буџетот, Програмата за социјална, детска и здравствена заштита за 2022 година е реализирана 68%. Според достапните податоци, колку корисници кои се опфатени со оваа програма се жени и мажи, не може да констатираме бидејќи не располагаме со доволно податоци. Достапен е само податокот за ставката еднократна парична помош за секое новороденче, каде се поднесени 78 барања од кои 37 се машки и 41 женски деца. Иако е наведено дека во општина Пробиштип редовно се води родова-разделена статистика на корисници сепак во моментот општина Пробиштип не ни достави таков податок. Од податоците со кои располагаме, може да се заклучи дека Програмата за социјална детска и здравствена заштита е родово неутрална. Од една страна, во програмата нема ниту една мерка која се однесува само на девојки и жени со цел намалување на родовиот јаз, но од друга страна, според нашето истражување, тие воопшто не се ни консултирани за нивните потреби, односно општината не ги вклучува во консултативните процеси при креирањето на локални политики. Според податоците кои ги добивме од општина Пробиштип, средствата кои се исплаќаат на корисниците на програмата за социјална, детска и здравствена заштита се исплаќаат од буџетската ставка Други оперативни расходи.

Бидејќи само ова ни беше доставено како податок за реализација на програмата за социјална детска и здравствена заштита, не може да се утврди во колкава мера истата е родово одговорна.

- **Годишна Програма за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип за 2022 година**[6]

Со воведување на Законот за еднакви можности се уредува и воспоставувањето на еднаквите можности и еднаквиот третман на жените и мажите, основните и посебните мерки за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите, правата и обврските на одговорните субјекти, во случајот локалната самоуправа, за обезбедување на еднакви можности за сите и во секој сегмент од

[6] http://probistip.gov.mk/wp-content/uploads/2022/02/SLUZHBEN-GLASNIK-14-2021.pdf

општественото живеење (политичка, економска, социјална, образовна, културна, здравствена и др. сфера).

Општина Пробиштип ги има воспоставено минимум потребните локални механизми за родова еднаквост и евидентни се напорите да се унапреди родовата еднаквост на локално ниво. **Комисијата за еднакви можности на мажите и жените на општина Пробиштип** - (Согласно член 35 од Статутот на општина Пробиштип-Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/14 и 29/15) –Комисија за еднаквост меѓу половите) има за цел постојано да ја унапредува својата работа и да делува во правец на целосно воведување на концептот на родова интеграција при креирањето на локалните политики, унапредување на положбата на жените и мажите, да ја поттикнува јавната свест-запознавање со законската регулатива од оваа област, зголемување на свеста кај граѓаните за корисата од воведувањето на родово сензитивнитите политики со што ќе се зголеми еднаквоста меѓу мажите и жените. Но од спроведените интервјуа и одговорените прашалници, може да се заклучи дека одговорностите кои ги има КЕМ не ги исполнува на задоволително ниво, а иако беа доставени прашалници и до членовите на КЕМ и други Советници, не добивме ниту еден потполнет прашалник од нив.

Овој дел од анализата се однесува на Програмата за еднакви можности на жените и мажите од општина Пробиштип за 2022 (земајќи ги споредбено во обзир и програмите за 2021 и 2023 година), нивната конструкција и политика за унапредување на родовата еднаквост во општината, буџетските импликации и нивната реализација.

Општина Пробиштип редовно креира Годишна програма за еднакви можности на жените и мажите и истите се дел од локалниот буџет. Но, во реализацијата на буџетот и од извештаите не е јасно дали и во колкава мера средствата наменети за оваа програма се релаизираат во пракса. Од програмата за 2021г. сите средства предвидени за оваа програма со ребаланс се пренаменети за други намени (нема конкретен податок за кои намени). Ако ја анализираме Програмата во целост, генералниот впечаток е дека таа е прилагодена на потребите на локалната самоуправа за да помогне на општинската администрација преку јакнење на нивните капацитети да креираат политики со вклучување на родовиот концепт во нив и со тоа да работи поактивно на унапредување на родовата еднаквост на локално ниво.

## АНАЛИЗА НА КОРИСНИЦИ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Еднаквите можности за сите, имаат големо значење бидејќи обезбедуваат похумани животни услови, каде што секоја индивидуа има простор за остварување на својот потенцијал во приватната, социјалната и јавната сфера, со што се ослободува голема општествена, конструктивна и продуктивна енергија, преку која пак се обезбедува побрз и позитивен развој на заедницата и целото општество. Современиот, демократски концепт на активно граѓанско учество очекува граѓаните/ките будно да ја следат работата на нивните избрани претставници и постојано да се вклучуваат во развивањето на локалните политики. Граѓанското учество се разбира како секоја активност со која граѓаните активно се вклучуваат во процесот на донесување јавни одлуки и така влијаат врз квалитетот на својот живот и животот на своите сограѓани/ки.

Како главни корисници на програмата за еднакви можности на жените и мажите се:

- Комисијата за еднаквост меѓу половите (КЕМ) на општина Пробиштип

- Локални граѓански оганизации
- надворешни експерти,
- Координаторка и заменик координатор за еднакви можности
- Сите одделенија и релевантни локални институции при општина Пробиштип
- Партнери за соработка
- Момчиња и девојчиња и мажи и жени од општина Пробиштип

**БУЏЕТСКА АНАЛИЗА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП**

Најголем дел од активностите во Програма за ЕМ на општина Пробиштип, а следствено на тоа и во буџетот, се предвидени за унапредување на внатрешните капацитети на локалната самоуправа, преку јакнење на капацитетите на релевантните креатори и донесувачи на локални политики, воспоставување на систем за водење родоворазделени статистики и едукација на мажите и жените за здравствена грижа, како и подигање на свеста за насилство врз девојчиња и жени. Во самата програма недостигаат конкретни активнсоти насочени кон жени и девојки и многу мал дел од предвидените активнсоти во тригодишниот акциски план за родова еднаквост се содржани и финансирани од оваа програма и локалниот буџет.

Во Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година се предвидени вкупно 110.000 мкд, додека во буџетот на Општина Пробиштип за 2022 година се одобрени 100.000мкд за оваа програма. При креирањето на Програмата се земени во обзир и истата е во согласност со мерките предвидени во тригодишниот акциски план за родова еднаквост 2022-2024г., но ниту акцискиот план ниту Програмата, не покажуваат дека при креирање на истите се земени во обзир потребите на мажите и жените и е спроведен некаков поголем консултативен процес. Пошироката слика на информриање и консултирање на жените и девојките при креирање на локални политики покажува дека тие воопшто не се информирани за овие процеси, жените и девојките не се запознаени со можностите за нивно вклучување и интегрирање на нивните потеби и приоритети во локаните буџети, а голем дел од жените не се запознаени доволно и со надлежностите на локалната самоуправа за учествуваат во овие процеси. Иако во самите документи стои дека тие се партиципативно креирани земајќи ги во обзир потребите на мажите и жените, фактичката состојба од терен покажува дека тоа се заснова на консултации со институциите, а не пошироки консултации со засегнатите страни, корисниците и конкретните целни групи.

Од реализацијата на буџетот не може конкретно да се утврди колку точно средства и за која точно намена се искористени предвидените средства. Од годишниот извештај на општина Пробиштип за напредокот на сосотојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2022 година кој е доставен до Сектор за еднакви можности при МТСП, може да се заклучи дека оваа Програма за 2022 година е делумно реализирана. Од информациите добиени од координаторката за еднакви можности на општина Пробиштип сите активности реализирани во насока на подобрување на родовата еднаквост во општината за 2022 година се реализирани од проектна поддршка и соработка, а средствата наменети за оваа програма од буџетот на општина Пробиштип за 2022 година воопшто не се искористени.

Во Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2023 година покрај постоечките активности од Програмата за 2022 година се додадени уште три нови активности од тригодишниот

акциски план за родова еднаквост (1. Превенција и спречување на врсничко насилство - булинг, семејно насилство, сајбер насилство преку едукативни активности и предавања во училиштата, 2. Надминување на стереотипи, предрасуди и дискриминација врз основа на пол преку едукативни настани и работилници во училиштата и 3. Креирање на услови за управување со менструална хигиена во училиштата и намалување на менструалната сиромаштија). Но ниту овие активности не ја отсликуваат вистинската слика, дали тие се најприоритетни области на кои треба поконкретно да се работи и на кој начин е определено токму овие активности да влезат во Програмата. Дополнително и покрај вовоедување на 3 дополнителни мерки во Програмата за 2023 г. нема одобрено дополнителни средства во буџетот за оваа Програма, туку износот е пак на 100.000мкд.

**ПОЗИТИВЕН ПРИМЕР**

Општина Свети Николе долги години наназад работи на унапредување на родовата интеграција во локалните политики. Програмата за активностите на општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2023 година и Програмата за еднакви можности на жените и мажите во општина Свети Николе за 2023 година се програми во кои јасно е наведено која мерка/активност од која буџетска ставка се исплаќа, период на реализација, одговорни лица за реализација, родови индикатори за полесно следење на корисници и од каде се обезбедени средства за конкретната активност. Буџетските ставки се аналитични и лесно може да се следи реализацијата на предвидените активности.

Друг позитивен пример е и тоа што во програмата за социјална заштита има критериуми кои треба да ги исполнат лицата за да користат некоја од предвидените мерки во програмата и следствено на тоа во буџетот на општината.

Самиот процес на креирање и конструкцијата на Програмата за еднакви можности на општина Свети Николе е добар пример за креирање родово сензитивни локални политики. Креирањето се одвива преку консултативни процеси со локалните институции, граѓански организации, земање во обзир на достапни истражувања и анализи за различни целни групи, директни консултативни средби со жени од рурални средини итн. Програмата содржи конкретни активности со конкретен период на имплементација, одговорности и буџет, а најважно од се родови индикатори и на тој начин значително се олеснува следењето и оценувањето на реализацијата на програмата и внатрешно од општинската администрација, но и надоврешно од сите заинтересирани чинители.

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**

- Прилагодување на локалните политики (Статутот) за развивање и воведување на различни и соодветни форми на граѓанско учество во пракса и на редовна основа, бидејќи само на таков начин локалните власти ќе ја практикуваат оваа одговорност и ќе се создаде обврска за нивно користење;
- Локалната самоуправа да воспостави систем со различни алатки и пристапи за информирање на девојките и жените за прашањата од нивен интерес и сите актуелни процеси и случувања на локално ниво;

- Потребно е да се направи анализа на состојбата во општината пред процесот на креирање на јавните политики која ќе поаѓа од долу нагоре односно директно од потребите и проблемите на граѓаните и граѓанките;
- Креираните политики да бидат резултат на консултативни процеси со граѓаните (со посебен акцент на девојките и жените);
- Да се воведат и применуваат различни алатки и пристапи за учество на жените и девојките во процесите на креирање и донесување локални политики (од идентификување на проблем, приоритизирање на проблемите и потребите, изнаоѓање соодветни решенија, па до нивна имплементација, набљудување, оценка на успешност и известување/отчетност);
- Промовирање на можностите и алатките за вклучување на девојките и жените од општина Пробиштип во консултативните процеси при креирањето на локалните политики;
- На состаноци на месни заедници задолжително да бидат поканети и да учествуваат и жени и девојки;
- Да се поттикнат и охрабрат жените, активно да се вклучат во работата на месните и урбаните заедници, а со тоа и во донесувањето на одлуки на локално ниво;
- Задолжително јакнење на капацитетите на вработените во администрацијата задолжени за подготовка на програмите, членовите на Комисијата за еднакви можности и за останатите советници при советот на општина Пробиштип;
- Комисијата за еднакви можности на мажите и жените задолжително да ги прегледуваат сите локални политики, програми, планови за работа на општината и нејзините претпријатија за да даде мислење за вклученоста на принципот на родова еднаквост во истите;
- Бројот на пријавени случаи на семејно насилство на годишно ниво е многу мал што наведува на претпоставка дека луѓето не го препознаваат семејното и родово базираното насилство за што е потребно да се реализираат повеќе активности за подигање на свеста за препознавање на истото;
- Во програмата за социјална, детска и здравствена заштита да има дефинирани родови индикатори;
- Во програмите до секоја активност да се наведе од која буџетска ставка се исплаќа со цел полесно следење на реализацијата на програмата;
- Во програмата за поеделните активности да се наведе одговорно лице и период на реализација на конкретната активност.
- Секоја активност да биде проследена со соодветна буџетска импликација и реализација за да може лесно да се утврди колкав е степенот на реализација на програмата и буџетот наменет за таа програма за да се следи успешноста на реализацијата, при што од една страна на таков начин ќе се зголеми транспарентноста и отчетноста на општината, а од друга страна многу полесно ќе се планираат средствата за наредната година.

**КОРИСТЕНИ МАТЕРИЈАЛИ**

- Статутот на општина Пробиштип
- Законот за социјална заштита
- Законот за еднакви можности на жените и мажите
- Стратегија за еднакви можности на жените и мажите на општина Пробиштип 2020 – 2024
- Тригодишен акциски план за родова рамноправност за општина Пробиштип 2022 – 2024
- Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2021, 2022 и 2023 година
- Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2021, 2022 и 2023 година
- Социјален план на општина Пробиштип 2022 – 2025 година
- Правилник за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип објавен во службен гласник 31/2015
- Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2021 и 2022 година.